**ГД-ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ГД-ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
# ЗА 2016 ГОДИНА

# В О В Е Д

Содржината на извештајот за работењето на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци е анализа на целокупното производствено и финансово работење, како и резултатите од тоа работење остварени во текот на деловната 2016 година.

Преку овој годишен извештај за работата на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци ќе ги запознаеме Управниот и Надзорниот одбор и Годишното Собрание на акционери со оствareниот физички обем на производството како и со постигнатиот финансиски резултат во текот на 2016 година.

Поради подобра прегледност на работата во 2016 година овој извештај во својата содржина ќе ги содржи следните делови:

I. ОПШТ ДЕЛ
II. ОСНОВНИ КАПАЦИТЕТИ
III. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

## I.ОПШТ ДЕЛ
## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ДРУШТВОТО

ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци е друштво од областа на земјоделството со основна примарна дејност производство на храна и суровини за преработувачката индустрија.

ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци се занимава со следните дејности:

- Производство на грозје и овошје;
- Производство на житни и фуражни култури;
- Производство на посадочен материјал за лозарството;
- Промет со своите производи.

Целокупната дејност ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци ја извршува преку своите производни работни единици и тоа:

- Работна единица ЉУБАШ
- Работна единица ШАМАЦИ
- Работна единица ВОЗАРЦИ
- Работна единица ЕДИНСТВО
- Работна единица РАЕЦ
- Работна единица СУВА ГОРА.

ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци располага со 1.026,2 ха производна површина од која со лозја на род во 2016 год. се 779,5 ха, насади со праски 31,5 ха, матичњак 22 ха, житни култури односно јачмен 63 ха, и останатите површини се останати под угар.

| | |
|---|---|
| **1.АСТАЛСКИ СОРТИ** | **251 ха** |
| **2.ВИНСКИ СОРТИ** | **528,5 ха** |
| **- ВКУПНО ЛОЗЈА НА РОД** | **779,5 ха** |
| 3.НАСАДИ СО ПРАСКИ | 31,5 ха |
| 4..МАТИЧЊАК | 22 ха |
| 5.ЈАЧМЕН | 63 ха |
| 6.УГАР | 130,2 ха |
| **СЕ ВКУПНО** | **1.026,2 ха** |

## II.ОСНОВНИ КАПАЦИТЕТИ

**- ОБРАБОТЛИВО ЗЕМЈИШТЕ 1.026,2 ха**

**- СТРУКТУРА НА СТАЛНО ВРАБОТЕНИТЕ**

Во 2016 година просечниот број на вработени во ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци е 224 со следниот степен на образование:

- ВСС 26
- ВШС 3
- ССС 93
- Основно образование 102

**- МЕХАНИЗАЦИЈА**

- Трактори 34 бр.
- Приколици 31 бр.
- Атомизери 42 бр.
- Ѓубрерастурачи 2 бр.
- Виљушкар 2 бр.
- Мулчер 4 бр.

- Транспортни средства
  - Автобуси 4 бр.
  - Патнички коли 12 бр.
  - Комбиња 3 бр.

**- ПОТРОШУВАЧКА НА ПОВАЖНИ МАТЕРИЈАЛИ**

| **Вид на материјал** | **Вредност (ден.)** |
|---|---|
| Семенски материјал<br>- пченица<br>- јачмен<br>- пченка | <br>-<br>259.047,00<br>- |
| Минерални ѓубрива | 8.561.042,00 |
| Средства за заштита | 17.339.489,00 |
| Нафта | 6.011.663,00 |
| Бензин | 370.311,00 |
| Плин | 108.934,00 |

## III.ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

### Ф И Н А Н С О В И   П О К А З А Т Е Л И
### На ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци во 2016 год.

| **ЕЛЕМЕНТИ** | **ИЗНОС ВО ИЛЈАДИ ДЕНАРИ** |
|---|---|
| 1. Оперативни расходи<br>2. Амортизација<br>3.Трошоци за вработени<br>4. Набавна вредност на продадени стоки<br>5. Камата и курсни разлики<br>6.Промена на залихи | 84.961<br>17.445<br>72.304<br>12.083<br>493<br>384 |
| 7. Вкупно расходи | 187.286 |
| 8. Вкупен приход | 225.124 |
| **10.Добивка пред оданочување** | **37.454** |
| **11.Данок од добивка** | **3.123** |

Просечен нето личен доход по вработен - 16.743,00 ден.
Просечен бруто личен доход по вработен - 24.406,00 ден.
Просечен број на работници - 224

Во 2016 год. вкупниот планиран приход е 180.155.400,00 ден.
Во 2016 год. вкупниот остварен приход е 225.124.355,00 ден.

Во согласност со законските прописи и одредбите од Статутот на друштвото Управниот одбор на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци во 2016 год. се состана шест пати и притоа беа донесени следните поважни одлуки:

1. Одлука за резултатите од пописот со состојба на ден 31.12.2015 година;
2. Одлука за усвојување на производно финансовиот план на друштвото за 2016 год.;
3. Одлука за пресметка на амортизацијата веднаш по набавката по намалени стапки;
4. Одлука за вишок, мањак и расход;
5. Одлука за наградување по основ на остварени финансиски резултати;
6. Одлука за регулирање на прекувремената работа;
7. Одлука за зголемување на вредноста на бодот;
8. Одлука за свикување на Годишно Собрание на акционери;
9. Одлука за набавка на основно средство комбај за берба на грозје;
10. Одлука за набавка на компјутери и компјутерска опрема;
11. Одлука за набавка на основно средство комбе Мерцедес;
12. Одлука за набавка на основно средство автобус марка САНОС;
13. Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во 2015 година и разгледување на ревизорскиот извештај на друштвото за деловната 2015 година;
14. Одлука за службено патување во странство - Р.Србија;
15. Одлука за службено патување во странство - Р.Германија;
16. Одлука за одобрување на извршената набавка на опремата што е набавена за Винарска визба Милев ГД ТИКВЕШ ДООЕЛ Кавадарци;
17. Одлука за стимулација на резидба 2016/2017 година;
18. Одлука за стимулација на резидба на праски 2016/2017 година;
19. Одлука за организирање на подружница и назначување на раководител во Винарска визба Милев ГД ТИКВЕШ ДООЕЛ Кавадарци;
20. Одлука за регулирање на работното време;
21. Одлука за набавка на канцелариска опрема - бироа - плакари;
22. Одлука за крчење на лозов насад;
23. Одлука за формирање на пописни комисии за 2016 година;
24. Одлука за одредување на висината на касовиот максимум за 2017 година;
25. Одлука за заложување на недвижен имот на друштвото;
26. Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2016 година.

На сите состаноци на Управниот одбор присуствуваше и Претседателот на Надзорниот одбор и при тоа Надзорниот одбор на друштвото секогаш беше запознат со работата на членовите на Управниот одбор.

Во согласност со законските прописи и одредбите од Статутот на друштвото Надзорниот одбор на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци во 2016 год. се состана пет пати и притоа беа донесени одлуки кои беа во врска со одлуките на Управниот одбор и исто така претставуваа одобрување на голем број одлуки на Управниот одбор на друштвото и беа од големо значење за успешното работење на друштвото во 2016 година.